This project is funded
by the European Union

Овој проект е финасиран
од Европската Унија

A project implemented
by the Coalition All for Fair trials

Проектот е имплементиран од
Коалиција Сите за правично судење

# МОНИТОРИНГ БРИФ ЗА ПРАВОСУДСТВО

## КОАЛИЦИЈА „СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ“

## СЕПТЕМВРИ, 2025



**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн и техничка обработка:**

Даниел Митковски

Овој мониторинг бриф е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија. Неговата содржина е единствена одговорност на Коалицијата „Сите за правично судење“ и истата не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија.

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## Предмети од областа на организиран криминал и корупција

### „ТИТАНИК“ КОК-59/22

На ден 05.09.2025 година, рочиштето за главна расправа беше одложено по барање на јавниот обвинител.

На ден 30.09.2025 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани двајца сведоци предложени од страна на одбраната.

### „ТАЛИР“ КОК 3/19

На ден 12.09.2025 година, рочиштето за главна расправа беше одложено бидејќи списите на предметот сеуште се во Апелациониот суд.

### „МЕЃУНАРОДЕН СОЈУЗ“ КОК-47/24

На ден 23.09.2025 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради отсуство на судијата.

### „ИМПЕРИЈА“ КОК-33/23

На ден 04.09.2025 година, рочиштето за главна расправа продолжи со испитување на сведок предложен од страна на јавниот обвинител и одбраната.

На ден 05.09.2025 година, рочиштето за главна расправа беше одложено по барање на сведок, од причини што не ја поседувал потребната документација, како би можел да даде исказ.

На ден 17.09.2025 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан еден сведок предложен од страна на јавниот обвинител.

### „СОФТВЕРИ“ КОК-112/24

На ден 02.09.2025 година, главната расправа продолжи со изведување на материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

На ден 15.09.2025 година, рочиштето за главна расправа беше одложено.

На ден 19.09.2025 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјалните докази предложени од страна на јавниот обвинител.

### „ФЕНИКС“ КОК-12/24

На ден 28.09.2025 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради одсуство на еден од обвинетите, со образложение дека се работи за здравствени причини.

### „ЕУ ФОНДОВИ“ КОК-179/22

На ден 03.09.2025 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени завршни зборови од страна на одбраната и обвинетите.

На ден 18.09.2025 година, беше јавно објавена пресудата, при што првообвинетата беше огласена за виновна за кривично дело „Злоупотреба на службена положба и овластување“, со изречена казна затвор од две години, а за кривичното дело „Измама“ беше ослободена од обвинението. За второобвинетата беше изречена ослободителна пресуда.

### „АДИТИВ“ КОК-73/25

На ден 02.09.2025 година, рочиштето за главна расправа беше одложено.

### „ШТЕКЛИ“ КОК-93/25

На ден 03.09.2025 година, на рочиштето за главна расправа се испита еден технички советник-психијатар.

На ден 09.09.2025 година, рочиштето за главна расправа продолжи со испитување на вешто лице предложено од страна на јавниот обвинител.

## Останати судски предмети

### „ТАЛИР 2“ К-297/24

На ден 16.09.2025 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради отсуство на јавниот обвинител.

### „ТОТАЛ“ К-1493/17

На ден 10.09.2025 година, рочиштето за главна расправа беше одложено по барање на јавниот обвинител.

На ден 24.09.2025 година, на рочиштето за главна расправа одбраната побара изготвување на супер вештачење. Јавниот обвинител не се противеше на ваквиот предлог при што судот определи да се изготви супер вештачење.

### „ЖАН МИТРЕВ” К-349/23

На ден 17.09.2025 година, на рочиштето за главна расправа беа преслушани видео и тонски снимки од исказите на тројца сведоци.

### „ОНКОЛОГИЈА“ К-1069/25

На ден 05.09.2025 година, рочиштето за главна расправа продолжи со произнесување на судот по претходните приговори на одбраната, кои не беа прифатени од причина што доказите биле прибавени на законит начин. Се дадоа воведни говори, а второобвинетата призна вина и за неа постапката се раздвои.

На ден 10.09.2025 година, на рочиштето за главна расправа беа сослушани тројца законски застапници на починатите оштетени лица по предлог на јавниот обвинител. Сите тројца предјавија имотноправно побарување и се приклучија кон кривичниот прогон.

### „ОНКОЛОГИЈА“ К-1680/25 (РАЗДВОЕНА ПОСТАПКА)

На ден 17.09.2025 година, на рочиштето за главна расправа, откако обвинетата призна вина, расправата се водеше за утврдување на видот и висината на кривичната санкција, се изведоа материјалните докази предложени од страна на одбраната за олеснителните околности, беше испитана обвинетата и беа дадени завршни зборови.

На ден 22.09.2025 година, на рочиштето за објава на пресудата обвинетата беше огласена за виновна, при што се изрече условна осуда со утврдена казна затвор од две години која нема да се изврши доколку во наредните пет години не стори ново кривично дело.

### „СПОРТСКИ ВАУЧЕРИ-АМС“ К-884/24

На ден 01.09.2025 година, рочиштето за главна расправа беше одложено.

На ден 19.09.2025 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради отсуство на судијата од здравствени причини.

### „ЛАЗАР НАНЕВ“ К-224/25

На ден 23.09.2025 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради службено отсуство на судијата.

### „ОБИД ЗА УБИСТВО ЦСР“ К-310/25

На ден 10.09.2025 година, на рочиштето за главна расправа се дадоа воведни говори од јавниот обвинител и одбраната, а во доказната постапка беа изведени материјалните и вербалните докази, по што беа дадени и завршните зборови.

### „УБИСТВОТО ВО МАВРОВКА“ К-489/25

На ден 17.09.2025 година, поради измена во судскиот состав главната расправа започна одново. Се дадоа воведни зборови и се изведоа материјалните докази предложени од јавниот обвинител.

### „УБИСТВО ВО КРАТОВО“ К-540/24

На ден 12.09.2025 година, обвинителството се произнесе по материјалните докази предложени од страна на одбраната и даде приговори за дел од нив.

## СЕДНИЦИ НА СУДСКИ СОВЕТ НА РСМ

На 11.09.2025 година, Судскиот совет ја одржа 528-тата седница, на која ги усвои записниците од 524-та, 525-та и 526-та седница. Советот донесе заклучок дека правилата за постапување за време на изборен процес од 2024 година ќе важат и за локалните избори во 2025 година. Беа усвоени тримесечните извештаи за работа на судовите за периодот април–јуни 2025 година. Советот донесе одлука за надоместок на патни трошоци по барање на судиите Роберт Митевски, Бетим Јахја и претседателот на Основен суд Крушево Хаџо Тариќ. Советот констатираше престанок на функцијата на Ајсел Мемети, судија-поротник во Апелациониот суд Скопје, по негово барање и расправаше по претставки и поплаки поднесени од граѓани и правни лица.

На 03.09.2025 година, Судскиот совет ја одржа 527-тата итна седница, на која донесе одлука Јордан Јованов, судија на Основен граѓански суд Скопје, времено да се упати на вршење судиска функција во Основен суд Струга.

## СЕДНИЦИ НА СОВЕТ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ НА РСМ

На 30.09.2025 година, Советот ја одржа 28-та седница, на која по усвојувањето на дневниот ред беа усвоени записниците од 26-та и 27-та седница. Дополнително беше донесена одлука за престанок на функцијата Претседател на Советот на јавните обвинители г-ѓа Душица Димитриеска, поради истек на мандат. Изборот за нов претседател беше одложен до завршување на локалните избори, при што со работата ќе раководи Заменик претседателот г-н Башким Бесими.